РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 08-730/1
27.03.2019 год.
КОЧАНИ

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кочани |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубинка Ајтовска, виш соработник за односи со јавноста и координаторка за еднакви можности |
| **Период на известување** | 2018 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 28 март 2019 година |

**Дата,**
**28.3.2019 г.**

**Име и презиме: Николчо Илијев, градоначалник на Општина Кочани**
**(Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

**Потпис:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

**Позитивна мерка:** Препорака до Градоначалникот за спроведување посебни мерки за еднаков третман на жените и мажите при вработување во Територијалната противпожарна единица – Кочани; (позитивна мерка);

**Охрабрувачка мерка:** Барање за водење родова статистика во единицата на локалната самоуправа;

**Програмски мерки:** Иницијатива за изработка на родово одговорна стратегија за развој на Кочани; Иницијатива за реализација на обука (со поддршка од UN Women), за родови политики и родово одговорно буџетирање за Комисијата за еднакви можности и за Советот на Општина Кочани; Проширување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани со нова мерка за здравствена превентива – лабораториски анализи за рано откривање на тешки болести кај социјално ранливите групи; Родово буџетска анализа на локалниот акциски план за домување, урбанистичко планирање и комунална инфраструктура – ЛАП 2018 – 2020 на Општина Кочани (изработен од Здружението „Радар“ од Скопје; Иницијатива за реализација на активност – проекција на филм (со поддршка од UN Women), со тема за женските права; Соработка со Здружението „Борка“ за поддршка на учество на членовите од Кочани во Розовата прошетка во Скопје и учество на Националната конференција за борба против рак на дојката; Иницијатива за предавање од проф. д-р Методи Чепреганов на тема „Стресот и нашето здравје“.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Зголемен број на опфатени корисници од преземените мерки за рано откривање на тешки болести кај мажите и жените, зголемен број на учесници со повисок родов сензибилитет - ученици во подготовката на родово одговорната стратегија, зголемен број на посетители на настаните организирани со родова иницијатива.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** **(Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Број на опфатени корисници од преземените мерки, број на учесници во подготовката на родово одговорната стратегија, број на посетители на настаните организирани со родова иницијатива.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
Писмени иницијативи, извештаи со заклучоци од одржани работилници, состаноци и седници на КЕМ.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** **(согласно член 11 од ЗЕМ):**
Преземени активности за изработка на Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Кочани. Вклучување на мерки за спроведување на принципот на еднакви можности и родово одговорно буџетирање во неколку програми на Општина Кочани за 2018 година. Иницијативите и активностите се реализирани со Проектот за промоција на родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање на UN Women и со поддршка на ЗЕЛС.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
Одржани три работилници за подготовка на Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Кочани со кои учесниците се здобиваат со родово зајакната свест, при креирањето на планските и програмските документи подеднакво да се води грижа и за жените и за мажите.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**
Опфатени околу 150 учесници, граѓани на Кочани во изработката на овој плански документ индиректно запознаени со значењето на родовата еднавост и родово одговорното буџетирање.

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

Документите во прилог.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Во 2018 година продолжува договорот помеѓу Општина Кочани и UN Women за реализација на проектот *Промоција на родово одговорни политики и буџети во Југоисточна Европа.*
Засилена е соработката со ЗЕЛС и поддршката во дискутирање и решавање на важни прашања;
Соработка со Здружението „Борка“, со Здружението „Радар“ од Скопје и др.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

| |
|---|
| **2.12.Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br>Да. |
| **2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**<br>(прилог листа на активности) |
| **2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Да. |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br><br>На тема „Активностите на КЕМ и Општина Кочани“ пример во регионот, беше реализирана студиска посета на Кочани од страна на претставници од невладини организации од Молдавија и Албанија во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики“. Посетата се реализираше со менторката Марија Ристеска и претставничката на ЗГ „Радар“ од Скопје, Гордана Мицова Несторова.<br><br>**Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**А) слушател/слушателка**<br>**Б) обучувач/обучувачка** |

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

**Дводневната обука**, на 1 и 2 март, 2018 година во х. Манастир, Берово, во рамките на проектот **„Развивање на фискалните капацитетите во насока на подготовка на родово одговорни политики и буџет на локално ниво“** – организатор ЗЕЛС;

**Работилница за планирање на идни интервенции; UN Women** - 9 март 2018 година: Ресторан „Воденица“ – Скопје;

**Обука за обучувачи за родово одговорни политики и буџети од** 26 до 28 март, 2018; хотел „Гарденија“, Велес;

**Работилница** на Министерството за труд и социјална политика во врска со Годишното известување за резултати во обласа на родова еднаквост: работилница за единиците на локалната самоуправа; 29 март 2018 г. Клуб на пратеници, почеток 10 ч.

**Обука за советници и за заменик-координаторот – Охрид**, 17 – 20 април 2018 година;

**Родово одговорни политики и буџети – Скопје, ЗЕЛС** (проф. д-р Мемет Мехмети и проф. д-р Марија Ристеска) 10 мај 2018 година;

**Промоција на индексот на родова еднаквост** во општините во Република Македонија, Скопје 18.10.2018 г. (Реактор)

**Работилница во ЗЕЛС** за координирање на активностите за 2019 година; 28.11.2018 г.

**2.17.. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

Тие се пренесуваат преку внатрешни состаноци во рамките на единицата на локалната самоуправа. За жал, и поктрај и во Министерството за информатичко општетсво и администрација, Општина Кочани сè уште не е вклучена во електронската обука за родова еднаквост на сите вработени.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

1. Барање до градоначалникот и до систем-администаторот на Општина Кочани за поставување категорија/поткатегорија за Еднакви можности на веб-страницата на Општина Кочани; (април 2018 г.);
2. Барање за формирање Интерсекторска група во Општина Кочани;
3. Иницијатива за предавање од проф. д-р Методи Чепреганов на тема „Стресот и нашето здравје“;
4. Препорака до Градоначалникот за спроведување посебни мерки за еднаков третман на жените и мажите при вработување во Територијалната противпожарна единица – Кочани;
5. Потпишување на Европската повелба за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво.

2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**
Сите.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**
Надградување на политичката волја и прифаќање препораки, мерки и активности за овозможување еднаков пристап до јавните добра и ресурси и за жените и за мажите.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**
Изработката на Родово одгорната стратегија за одржлив развој на Општина Кочани. Општина Кочани во соработка со локалниот медиум ТВ Канал 8 изработи **видеопрезентација** на тема **„Зајакнување на капацитетите за родово одговорни политики и буџетирање на локално ниво“**, која беше прикажана на завршната конференција (13 јуни 2018 г.) на проектот со ист наслов, реализиран од ЗЕЛС и UN Women.
Подоцна, на 8 ноември 2018 година, по барање на UN Women, презентацијата беше преведена на англиски јазик и беше прикажана при студиската посета на Кочани на претставнички од невладиниот сектор од Молдавија и Албанија.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**
Вклучувањето на интерсекторкста група или на поедини раководители на сектори и одделнија во Општина Кочани во работата на координаторите за еднакви можности и на Комисијата за еднакви можности, а со тоа и поголема родова перспектива во севкупните активности.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Локалниот акциски план за еднакви можности предвидува реализација на планираните активности во кои се прецизирани родово сензитивни мерки во неколку програми. Тие ќе придонесат за намалување на нееднаквоста меѓу мажите и жените, за отстранување на родовите стреотипи, за позитивни промени во алокацијата на буџетските средства заради родов баланс.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
Комисијата е формирана во 2006 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол:** 4 жени, 1 маж

**б) Образование:** 2 магистри; 3 ВСС

**в) Етничка припадност:** 5 Македонци

**г) Припадност на политичка партија:** 2 - ВМРО-ДПМНЕ, 1 – СДСМ, 1 ДОМ, 1 ЛДП

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС**

**б) во донесување на буџет на ЕЛС**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС**

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Нема доставено мерки.

**5.3. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Не.

**5.4. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата има одржано четири седници и повеќе неформални средни и состаноци. Работи континуирано и координирано со координаторите за еднакви можности. Записниците се во прилог.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Задолжително годишно предавање/обука за родова еднаквост на службениците во единицата на локалната самоуправа од страна на службите од МТСП

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Генерални упатства и обрасци за единиците на локалната самоуправа со насоки за водење родова статистика со цел да се зголеми свеста за неопходноста и знаењата за прибирање и употреба на родовите податоци податоци кај службениците, а со тоа и да се создадат повеќе можности за имплементација на стратешките односно програмските политики и цели.